**ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ I СКОПЈЕ** како првостепен кривичен суд преку судијата Фанка Јанчулева Михаиловска како судија поединец, со записничар Олгица Аполеска- судски работник, постапувајќи по обвинителен предлог КО 4 бр. 277/16 од 26.04.2018 година , против обвинетата Ќ. К., за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од член 300 став 4 в.в. со член 297 став 3 в.в. став 1 од Кривичниот законик, по одржаната главна, јавна и усна расправа во присутво на Јавниот обвинител Миле Арсениевски , обвинетата Ќ. К. од С., нејзиниот бранител Виолета Дангова, адвокат од С. и законскиот застапник на оштетениот Д. К. од С. на ден 07.11.2018 година година, ја донесе и јавно ја објави следната:

**П Р Е С У Д А**

**ВРЗ ОСНОВА НА ПРИЗНАВАЊЕ НА ВИНА**

**ОБВИНЕТИОТ:**

**Ќ. К. со ЕМБГ...,** од татко И., мајка Ф., родена на ... година во Т., а живее во С. на Ул. „.......“ бр../.-..., завршено средно образование, мажена, мајка на ... малолетни деца, Албанка, државјанин на РМ, неосудувана, не се води постапка за друго кривично дело.

**В И Н О В Е Н Е**

**ЗАТОА ШТО:**

На 11.11.2015 година, во 06,50 часот, како учесник во сообраќајот на јавните патишта, не се придржувала кон прописите и со тоа го загрозила јавниот сообраќај, така што го довела во опасност животот на луѓето, на начин што управувајќи ПМВ „Опел Астра“ СК ...., сопственост на М. К. од С., по левата сообраќајна лента од својата десна коловозна лента од коловозот на ул. „ ........“ во С. во насока од север кон југ, кога дошла на крстосницата со ул. „.......“ и ул. „......“ која не е регулирана со сообраќајни знаци, постапила спротивно на член 25 став 1 и член 35 став 1 од Законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата, со тоа што на јавен пат во населено место со возилото се движела со брзина од 75 км/час која е поголема од дозволената брзина од

50 км/час, па во еден момент за да избегне судар со ПМВ „Тико“ ...ОД управувано од М. К.од С., кој со возилото навлегол во крстосницата по коловозот од ул. „.......“, презела неодмерено нагло дејствие на истовремено прикочување и свртување на возилото кон лево, кое дејствие го извршила без претходно да се увери дека истото може да го направи безбедно, иако била свесна дека поради таквиот начин на управување на возилото може да настапи штетна последица но лекомислено сметала дека истата нема да настапи, па како резултат на таквото дејствие, ја изгубила контролата над возилото и постоа свртела со возилото кон десно па повторно кон лево, по што со десниот страничен дел од возилото со кое управувала удрила во телото на сега покојниот И. К., кој како пешак се движел по левата страна од коловозот од ул. „.....“ во насока од југ кон север, покрај паркирано ТМВ „ТАМ“ СК...., кој од ударот бил зафатен и потиснат кон паркираното ТМВ „ТАМ“ СК . ... и задобил тешки телесни повреди изразени во вид на крвна подлиеност на мускулатурата на седалната регија и на долните екстремитети, скршување на ребрата, повеќефрагментарно скршување на коските на карлицата, крвна подлиеност на мочниот меур и раскин на простатата, поради што дошло до шокова состојба со пореметување и прекин на работата на витално важните органи и до смртен исход, а по кој удар возилото преминало на левата страна на коловозот и со предниот дел од возилото удрила во предниот лев дел на ТМВ „Мерцедес“....

Со кое дејствие обвинетата Ќ. К. сторила кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од член 300 став 4 в.в. со член 297 став 3 в.в. став 1 од Кривичниот законик, па согласно овој член и членови и чл. 3, 4, 7, 29, 30, 31, 32, 33, 39, 48, 48-а, 49 и 50 од КЗ судот на обвинетата и изрекува алтернативна мерка:

**УСЛОВНА ОСУДА**

Така што и утврдува **КАЗНА ЗАТВОР** во траење од **2-ДВЕ ГОДИНИ** и истовремено определува дека вака утврдената казна затвор нема да се изврши доколку обвинетата во рок од **5-ПЕТ ГОДИНИ** сметано од денот на правосилноста на пресудата не стори ново кривично дело.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** обвинетата согласно чл.102 и 105 од Законот за кривична постапка, да плати на име судски паушал износ од 2.000,00 денари како и трошоци на кривичната постапка во вкупен износ од 82.830,00 денари од кои 1500,00 денари по трошковник на МВР КУ бр.3189 од 11.11.2015 година, износ од 6.500,00 денари на име трошоци за сообраќајно-техничко вештачење од вешто лице В. Г. по ф-ра бр.42/18 од 26.03.2018 година и износ од 74.830,00 денари на име трошоци за обдукција по ф-ра бр.05-3354/06 од 25.11.2015 година на РМ-Институт за ХХ К.бр. 1040/18

судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ОЈО С. до овој суд на ден 18.05.2018 година поднесе обвинителен предлог КО 4 бр. 277/16 од 26.04.2018 година, против обвинетата Ќ. К., за кривично дело – Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот од член 300 став 4 в.в. со член 297 став 3 в.в. став 1 од Кривичниот законик. Основниот суд Скопје 1 С. закажа и одржа главна, јавна и усна расправа во присутво на Јавниот обвинител Миле Арсениевски, обвинетата К. К. од С., нејзиниот бранител Виолета Дангова, адвокат од С. и законскиот застапник на оштетениот Д. К. од С., на која по изнесување на содржината на обвинителниот предлог од страна на Јавниот обвинител, обвинетата даде изјава за признавање на вина која изјава ја даде доброволно и свесна за правните последици од ваквото признание и последиците врзани за трошоците на кривичната постапка согласно чл. 381 став 2 од ЗКП.

Имајќи ја предвид ваквата изјава, судот во рамките на доказната постапка ги дозволи и изведе доказите на обвинението кои се однесуваат на одлуката за кривичната санкција, односно ја прочита Листата од казнена евиденција од О.С.Т. КР.../.. од 24.01.2018 година. Како доказ на одбраната беше испитан законскиот застапник на оштетениот И. К., неговиот брат Д. К. и прочитан исказот на И.К. даден надвор од главна расправа на записник од 16.10.2018 година и беше извршен увид и прочитани материјалните докази:Решение за остварување право на постојана парична помош бр. 3809-УП1-591-1 од 09.03.2018 година на ЈУМЦСР С.-Бутел, извод од матична книга на веначните бр. 08-3/939 од 02.04.2011 година, извод од матичната книга на родените за општина С. бр. 15-11/02/8-8261 од 18.11.2002 година, извод од матичната книга на родените за општина С. бр. 22-17/21-9302 од 29.02.2008 година, извод од матичната книга на родените за општина С. бр. 0807/771 од 15.04.2011 година, извод од матичната книга на родените за општина С. бр. 20-11/02/62-7734 од 21.10.2004 година

Јавниот обвинител во завршен збор во целост остана кон обвинителниот предлог и му предложи на судот обвинетиот да биде огласен за виновен согласно законот.

Бранителот на обвинетата во завршен збор му предложи на судот при одлучувањето да го има во предвид признанието на обвинетата и нејзиното

однесување во текот на постапката како и при одмерувањето на казната да ги цени сите олеснителни околности.

Обвинетата во завршен збор наведе дека во целост го прифаќа завршниот збор на бранителот и изјави каење и жалење за стореното дело.

Имајќи го предвид наведеното судот донесе пресуда врз основа на признание, со која обвинетата ја огласи за виновна за кривичното дело што и се става на товар и и изрече кривична санкција како во изреката.

Ова од причина што од Листата од казнена евиденција од О. С. Т. КР бр..../.. од 24.01.2018 година произлегува дека во казнената евиденција нема податоци за обвинеттата односно истата е неосудувана, кое нешто судот го ценеше како олеснителна околност.

Од исказот на законскиот застапник на оштетениот И. К., неговиот брат Д. К. произлегува дека истиот не предјавува имотно правно побарување и не се приклучува кон кривичниот прогон, која околност судот исто така ја ценеше како олеснителна околност при одлучувањето за видот на кривичната санкција.

Фактот дека Б. К., сестра на сопругот на обвинетата живее во семејна заедница на истата адреса со обвинетата и дека прима постојана парична помош бидејќи е неспособна за самостоен живот поради пречки во менталниот развој произлегува од Решение за остварување право на постојана парична помош бр. 3809-УП1-591-1 од 09.03.2018 година на ЈУМЦСР С.-Бутел, копија од здравствена книшка бр.274125470701, копија од лична карта GO141990 издадена на ден 29.06.2010 година од МВР С., и извод од матична книга на родените за општина С. бр. 22-17/21-9302 од 29.02.2008 година, Општина С..

Фактот дека обвинетата е мајка на ... малолетни деца произлегува од изводот од матичната книга на родените за општина С. бр. 15-11/02/8-8261 од 18.11.2002 година, извод од матичната книга на родените за општина С. бр. 0807/771 од 15.04.2011 година и извод од матичната книга на родените за општина С. бр. 20-11/02/62-7734 од 21.10.2004 година.

Судот при утврдувањето на видот и одмерувањето на висината на кривичната санкција ги ценеше сите околности од чл. 39 од КЗ, па како отежителни ги имаше во вид степенот на кривичната одговорност и јачината на загрозувањето на заштитеното добро, околностите под кои е сторено делото, зачестеноста на ова кривично дело, а како олеснителни ги имаше предвид личните, социјалните и материјалните прилики на обвинетата односно дека е зрела личност, родена ... година, има

завршено средно образование, мажена, мајка на ... малолетни деца и живее во семејна

XX К.бр. 1040/18

заедница со свекрва и золва кои се со нарушена здравствена состојба. Судот како олеснителна околност го ценеше и фактот дека обвинетата е неосудувана што значи дека досега не била во судир со законот, како и фактот дека законскиот застапник на оштетениот не предјави имотноправно барање и не се приклучи кон кривичниот прогон. Како олеснителна околност судот го ценеше и држењето на обвинетата пред судот, признанието на вината и со тоа и придонесот за брзо окончување на постапката, како и околноста што судот со непосредно забележување констатира дека истата се кае и жали за стореното дело, па и изрече алтернативна мерка како во изреката за која цени дека ќе ја постигне целта на казнувањето од чл. 32 од Кривичниот законик и ќе влијае на спречување на обвинетата во иднина да врши кривични дела и да се превоспита, а истовремено ќе влијае и врз другите да не вршат кривични дела, односно ќе влијае како на планот на специјална така и на планот на генерална превенција.

Со оглед дека судот обвинетата Ќ. К. ја огласи за виновна согласно чл.102 и 105 од ЗКП ја задолжи да плати на име судски паушал износ од 2.000,00 денари и трошоци на кривичната постапка во вкупен износ од 82.830,00 денари од кои 1500,00 денари по трошковник на МВР КУ бр.3189 од 11.11.2015 година, износ од 6.500,00 денари на име трошоци за сообраќајно-техничко вештачење од вешто лице В.Г. по ф-ра бр.42/18 од 26.03.2018 година и износ од 74.830,00 денари трошоци за обдукција по ф-ра бр.05-3354/06 од 25.11.2015 година на РМ-Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата, а под страв на присилно извршување. во рок од 15-петнаесет дена од правосилноста на пресудата, под страв на присилно извршување.

**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1 – СКОПЈЕ**
**XX К.бр. 1040/18 од 07.11.2018 година**

**Записничар** **Судија**
**Олгица Аполеска Михаиловска** **Фанка Јанчулева**

ПОУКА: Против пресудата е дозволена жалба во рок од 8 дена по приемот на истата преку овој суд до Апелациониот суд Скопје

XX К.бр. 1040/18

НАПОМЕНА:

Судскиот паушал во износ од 2.000,00 денари да се плати на жиро сметка број 100000000063095, сметка на буџетски корисник 2901000973, единка 631, корисник 10, приходна шифра 724132, програма 20, начин 2, примач Основен суд Скопје 1, депонент НБРМ,

ДН :

-OJO С.
-обвинетата Ќ. К. од С., Ул. „.....“ бр../.-....
- за обвинетиот, бранител Виолета Дангова, адвокат од С.
- законскиот застапник на оштетениот Д.К. од С., Ул.........бр....